# THE CONCEPT AND CAUSES OF THE DIVORCE UNDER THE LEGAL REGULATION OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA AND THE NEED FOR ADAPTATION WITH CHANGES IN THE CONTEMPORARY WORLD

**Kaltrina Zekolli Shaqiri**
University ,,Mother Theresa,, - Skopje, Macedonia, kaltrina.zekolli@unt.edu.mk
**Emrije Zuberi**
Higher Administrative Court of the Republic of Macedonia-Skopje, emrijezuberi@gmail.com

**Abstract:** The issue of divorce and rising rates in the modern world is one of the most serious problems and social issues that greatly affect the lives of people. Divorce is a human right.
It is an expression of individual freedom to want and to choose. Setting up the right to divorce is an expression of civilization today and at the same time it can be considered as significant progress compared to the past because it allows the disruption of the community in which relations between spouses do not function according to the corresponding and prescribed order. Divorced marriages relate to personal and social life very deeply. It causes stress and makes the individual unsuccessful and changes his life. Although many couples agree to stay with their partner to death, many marriages will end up divorcing instead of death. Until almost the divorce was considered as the most difficult marriage dysfunction leading to a complete disorganization of the family. Over time, a system of the so-called "binuclear family" has emerged following the divorce, which suggests that divorce is not death for the family. Over time, a system of the so-called "binuclear family" has emerged following the divorce, which suggests that divorce is not death for the family. This paper will analyze the causes of divorce, which are a multidisciplinary challenge and the use of certain reforms that will overcome the problems that arise in practice as well as the need to align our legislation with the general tendencies of other contemporary European legislation, as well as with international documents.
The importance of the institution for divorce as a legal form of termination of the marriage, the importance of applying the international principles and practices of this institution of law, the need to amend and supplement the Family Law of the Republic of Macedonia for more specific regulation of divorce, the need to implement innovations in the positive legislation because it is a necessity and need to adjust the positive laws of the Republic of Macedonia towards those of the EU, as well as from the introduction of an institution family mediation. In order to make this paper better and be able to conceptualize the subject of research from different angles, various research methods such as the historical method, the descriptive method, the normative method and the comparative method will be used. The methods that will be used for this paper will be applied appropriately and will have a scientific and research character.
This research will also have an empirical part by which, by analyzing the statistical results of different institutions, which, as a scope of work, also have the issue of divorce, will present a general picture of the relationship of these institutions towards marriage as an institution, statistical data on the number of divorces in the Republic of Macedonia and the most common reasons that lead to the divorce.
**Keywords:** divorce, marriage, family, right, reasons

# КОНЦЕПТОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА РАЗВОД НА БРАКОТ СПОРЕД ПРАВНАТА РЕГУЛАТИВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ПОТРЕБАТА ЗА ПРИЛАГОДУВАЊЕ СО ПРОМЕНИТЕ ВО СОВРЕМЕНИОТ СВЕТ

**Калтрина Зеколи Шаќири**
Универзитет ,,Мајка Тереза,, - Скопје, kaltrina.zekolli@unt.edu.mk
**Емрије Зубери**
Виш Управен Суд на Република Македонија -Скопје, emrijezuberi@gmail.com

**Резиме:** Прашањето за развод и зголемување на стапките во современиот свет е еден од најсериозните проблеми и социјални прашања кои во голема мера влијаат врз животот на луѓето. Разводот претставува човеково право. Тоа е израз на индивидуалната слобода да сакаш и да одбереш. Поставувањето на правото на развод е израз на цивилизацијата денес и воедно може да се смета како значаен напредок во споредба со

минатото затоа што овозможува прекин на онаа заедница во која односите меѓу брачните другари не функционираат според соодветниот и пропишаниот ред. Разведените бракови се однесуваат на личниот и општествениот живот многу длабоко. Тоа предизвикува стрес и ја прави индивидуата неуспешна и го менува животот. И покрај тоа што многу двојки се согласуваат да останат со својот партнер до смрт, многу бракови ќе завршат со развод наместо смрт. До скоро разводот се сметал како најтешката брачна дисфункција кој доведува до потполна дезорганизација на семејството. Со текот на времето е оформен систем на таканаречено „бинуклеарно семејство“ кое настанува по разводот, а што укажува на тоа дека разводот не е смрт за семејството. Во овој труд ќе се анализираат причините за развод на бракот, кои претставуваат мултидисциплинарен предизвик и употребата на одредени реформи со кои ќе се надминат проблемите што се јавуваат во практиката како и потребата, нашево законодавство да се усогласи со генералните тенденции на другите современи европски законодавства, како и со меѓународните документи. Особено ќе бидат нагласени: важноста на институцијата за развод како правна форма на престанок на бракот, важноста од примената на меѓународните принципи и практики на оваа институција на правото, потребата од измена и дополнување на Законот за семејството на Република Македонија за поконкретно регулирање на разводот, потребата да се имплементираат иновации во позитивното законодавство бидејќи тоа е неопходност и потреба од приспособување на позитивните закони на Република Македонија кон оние на ЕУ како и од воведувањето институција за семејна медијација. За да биде побогат овој труд и да може предметот на истражување да се концептира од различни агли, при неговата изработка ќе бидат користени различни научноистражувачки методи како што е историскиот метод, дескриптивниот метод, нормативниот метод и компаративниот метод. Методите кои ќе се користат за овој труд, ќе бидат применети соодветно и ќе имаат научноистражувачки карактер. Ова истражување ќе има и емпириски дел со кој, преку анализа на статистички резултати од различни институции, кои како делокруг на работа го имаат и разводот на брак, ќе се претстави општа слика на односот на овие институции кон бракот како институција, статистички податоци за бројот на разведени бракови во РМ и за најчестите причини што доведуваат до негов развод.
**Клучни зборови:** развод, брак, семејство, право, причини

## ВОВЕД

Еден од главните социјални трендови во минатиот век е зголемувањето на стапката на развод и многумина општествени научници се обидоа да ги разберат причините и последиците од семејното распуштање.[359]

Бракот е континуиран однос, но не постојан бидејќи може да се прекине со смртта на еден од сопружниците, со прогласување на еден од сопружниците како исчезнат, со анулирање на бракот како и со развод.

Во последниве децении стапката на склучување брак се намали, стапката на развод се зголеми, а дефиниравчките карактеристики на бракот се сменија.[360] Надворешните влијанија, различното воспитување и социјално потекло, различните навики и карактерни особини, променливоста на човековата природа и уште многу други значајни фактори може да доведат до ситуација кога заедничкиот живот на брачните другари ќе претставува само товар и секојдневно измачување. Во овој случај се поставува прашањето за целисходноста на постоењето на ваков брак, односно брак кој ја изгубил својата општествена функција и своето значење.[361]

Повеќемина стручни лица, меѓу кои и психолози, сметаат дека разводот е подобро решение од продолжувањето на неуспешниот брак. Прифатливо е мислењето на Поњавиќ[362] дека разводот не е најголема несреќа туку нормален начин за решавање на тешките ситуации до кои доаѓа кога бракот доживеал целосен неуспех.

---

[359] Stephen J. Bahr , Social Science Research on Family Dissolution: What It Shows and How It Might Be of Interest to Family Law Reformers, Department of Sociology Brigham Young University, March 2, 2001, стр. 2

[360] Marriage and Divorce:Changes and their Driving Forces, Betsey Stevenson, *Wharton School, University of Pennsylvania*, Justin Wolfers *Wharton School, University of Pennsylvania, CEPR, NBER and IZA,* Discussion Paper No. 2602, February 2007, стр. 4

[361] Бакиќ, (10, 172) преземено од: Мицковиќ, Причини за развод на брак во земјите на ЕУ (необјавен магистерски труд)

[362] P. M., Critical Theory of the family, The Seabury Press, New York, 1978

## 1.ПРИЧИНИ ЗА РАЗВОД НА БРАК ВО СЕМЕЈНОТО ЗАКОНОДАВСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Причините за развод се комплексни и специфични за брачните односи кои настануваат во текот на заедничкиот живот на брачните другари, односно се околности поради кои бракот ќе ја изгуби смислата и целта на постоење. Законот за семејството во РМ е доста либерален во делот за развод на бракови и предвидува повеќе можности за развод. За разлика од некои закони за семејството од други држави, нашиов закон е доста либерален и напреден и ги предвидел сите можни причини врз основа на кои брачните другари можат да се разведат, и тоа во разумни рокови.

## 2.РАЗВОД НА БРАКОТ СО ЗАЕМНА СОГЛАСНОСТ НА БРАЧНИТЕ ДРУГАРИ

Кога брачните партнери заеднички се согласуваат дека повеќе не чувствуваат дека бракот вреди да се продолжи, тие заеднички можат да ја иницираат постапката за развод.[363] Ваквиот начин на развод на бракот се нарекува развод со заемна согласност на брачните другари.[364] Овој вид им овозможува на двајцата партнери да го прекинат разводот со почит. Овозможува и процесот на развод да се движи побрзо. Сепак, овој вид развод не мора да значи дека и сопружниците се согласиле со сè што се однесува до нивниот развод. Кога двојката ќе стигне до оваа точка тие треба да ги издвојат своите разлики, за да можат да дојдат до компромис, инаку процесот на развод на бракот ќе стане поскап и подолг.[365]

## 3.РАЗВОД НА БРАКОТ ПО БАРАЊЕ НА ЕДЕН ОД БРАЧНИТЕ ДРУГАРИ

Вториот начин на развод на бракот според законодавството на РМ е со барање на едниот брачен другар (член 40 од ЗС). Законот оваа можност ја дозволува во случај кога брачните односи се влошени, па заемниот живот е неподнослив.[366] Неповратното распаѓање на бракот е ситуацијата во која брачните другари не сакаат да живеат еден со друг, така што не се во состојба да ги извршуваат своите брачни должности и нивните разлики ги надминуваат границите на можноста за помирување.[367] Оваа причина за развод на бракот најдобро се објаснува со фактот дека „денес никој никого не трпи“.

## 4.РАЗВОД НА БРАКОТ ВО СЛУЧАЈ КОГА БРАЧНАТА ЗАЕДНИЦА ФАКТИЧКИ ПРЕСТАНАЛА ПОДОЛГО ОД ЕДНА ГОДИНА

Брачните другари може да побараат развод на брак ако брачната заедница фактички престанала подолго од една година.[368] Вината како субјективен фактор не е предмет на оценување на судот кога бракот се разведува по основ на оваа причина.[369] Бидејќи брачните другари си ги исполнуваат своите брачни обврски, поради горенаведените причини, брачната заедница не престанува да функционира. За разлика од ова, во одредени случаи кога брачните другари не го менуваат живеалиштето, односно живеат под ист покрив, но не комуницираат и не ги исполнуваат правата и обврските кои се дел од една брачна заедница, тогаш таквиот брак се вика „мртов брак“ во кој постои фактички прекин на брачната заедница.

## 5.СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА БРОЈОТ НА СКЛУЧЕНИ И РАЗВЕДЕНИ БРАКОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Базирајќи се на податоците на Државниот завод за статистика, бројот на склучените бракови во 2015 год. бројот на склучените бракови во споредба со 2014 год. е зголемен за 2,7 % и изнесува 14.186 склучени бракови. Бројот на разводите во 2015 год. бележи намалување од 0,5 % во споредба со 2014 год. и изнесува 2.200 разведени бракови.[370]

---

[363] Haman, Edward A. (2001). *How to file your own divorce : with forms* (4th ed.). Naperville, IL: Sphinx Pub, стр.31
[364] Divorce by agreement, www.educaloi.qc.ca
[365] Betsey Stevenson, Justin Wolfers, Marriage and divorce, Changes and their driving forces, 2007 година, стр. 3
[366] Освен разводот на бракот со заемна согласност, друг начин за развод е концептот на неповратно распаѓање на бракот, Richa Arya, What are the grounds for dissolution of a marriage?, јуни 2014 година
[367] Richa Arya, What are the grounds for dissolution of a marriage?, јуни 2014 година
[368] Член 41 од Законот за семејство
[369] Л.Спировиќ-Трпеновска, Семејно право, Скопје, стр. 133
[370] Податоците се преземени од Државниот завод за статистика, Население, склучени и разведени бракови во Република Македонија во 2014 година - дефинитивни податоци – види: www.stat.gov.mk

Бројот на разводите во 2017 година бележи зголемување од 0.5 % во споредба со 2016 година и изнесува 1.994 разведени бракови.[371]

## 6.ПРИЧИНИТЕ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА РАЗВЕДЕНИ БРАКОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Причините за развод се разликуваат меѓу брачните парови, но направените истражувања за причините за развод од различни истражувачи покажаа дека како главни причини се појавуваат:
1) Недостатокот на комуникација[372] е една од водечките причини за развод.
2) Луѓето кои доаѓаат од разведени домови има поголема веројатност да бидат разведени од луѓето кои доаѓаат од среќно венчано семејство.
3) Поверојатно е луѓето кои се венчаат на возраст од 23 до 27 години да останат заедно, отколку луѓето што се венчаат во своите тинејџерски години
4) Финансиските проблеми: Парите или аспектите што се поврзани со нив се можна причина за несогласување меѓу двојките кои се во брак, како што се споделената финансиска одговорност, нееднаквиот финансиски статус, непозната финансиска состојба.
5) Формите на злоупотреба: Постојат многу форми на злоупотреба, од кои сите се можни причини за развод: ова не вклучува само намерно и вообичаено, физичко малтретирање, туку може да дојде и во форма на емоционална злоупотреба која еден партнер може активно да ја врши за да го деградира својот партнер преку груби зборови
6) Некомпатибилност: Ова е една од причините за развод и постојат многу видови и форми на некомпатибилност на двојката, што може да влијае да не можат да најдат заедничка основа.[373]
7) Една од причините за развод е недостатокот на интимност. Во бракот постои суптилна промена во спалната соба и интимноста станува сè помала.[374]
8) Незадоволни очекувања во бракот: во генетскиот код на човекот лежи инструкцијата дека кога некое лице не е среќно тоа треба да го принуди својот брачен другар да ги направи потребните промени за да бидат повторно среќни. Ова обично е во форма на жалење, обвинување, критика, закана и казнување.
9) Различни приоритети и интереси: приоритетите и интересите се наоѓаат на листата на причини за развод. Заедничките интереси се од суштинско значење за успешен брак.[375]

## 7.ТЕНДЕНЦИЈА ЗА ЛИБЕРАЛИЗИРАЊЕ НА РАЗВОДОТ НА БРАКОТ ВО ЕВРОПСКИТЕ ЗЕМЈИ

Во сите европски земји се забележува тенденцијата за либерализација на разводот на бракот: начинот, условите, причините итн. Доколку се анализираат причините за развод на бракот, трансформацијата е очигледна бидејќи во повеќето европски земји владеел системот на развод поради вина, кој подоцна се заменува со системот на развод – санкција, каде што разводот можел да се побара доколку другиот брачен другар бил виновен за нарушување на брачната врска, односно заедничкиот живот станал невозможен. „Најголема новост е што се прифаќа една единствена причина за развод на бракот, а тоа е неуспехот на бракот.“ Либерализацијата на разводот на брак е резултат на неколку значајни промени во бракот и во семејството.[376] Поради промените во демократското општество, кои преовладуваат во сите европски земји, еманципацијата на жената и нејзиното вклучување во сите сфери на општествениот живот, системот на вина веќе не е компатибилен за овој начин на живот.[377] Друга тенденција за либерализација на разводот на

---

[371] Ибид.
[372] Assesment of the familial relationships of young adult children of separated parents, Juan Gardia Olmos, Universitat de Barcelona, Spain, 2010 година
[373] Nay YabSarhandi, Divorce as a social problem, преземено од: www.nayyab.wordpress.com, објавено 2018 година
[374] Брачниот секс е еден од најкритичните фактори кои можат да помогнат да се држи мажот и жената цврсто кога минуваат низ неволји. Да се биде со вашиот партнер на тој начин ве потсетува на вашата врска, љубов и ви дава чувство на заедништво и дури и доаѓа до простување во тешки времиња.
[375] D. Dixon, Most common reasons for divorce, стр. 26
[376] Ancel (5,10), Men and Women in Interaction, 1992
[377] Нерамноправноста и неповолната положба на жената била видлива во патријархалното семејство каде што разводот бил можен само во случај на вина на едниот сопруг. Со појава на граѓанската класа и индивидуалистичките идеи, како што се рамноправноста и автономијата на волјите и слободата на

бракот е дека веќе се напушта набројувањето на причините за развод на бракот, како што се предвидуваше во системот на развод – санкција, на тој начин што се навлегува во интимата на сопружниците и со тоа се зголемува омразата меѓу нив.
И правниот систем на Република Македонија напредува во однос на либерализација на разводот на бракот, во однос на причините и условите на развод, но и понатаму постои тенденција за усогласување со европските законодавства.[378]

## 8.ЗАКЛУЧОК

Истражувањето за причините за развод на бракот е тема која во себе опфаќа многу сегменти на студии и проучувања, почнувајќи од историски, социолошки, економски, психолошки и правен аспект. Преку овој труд, се утврдува дека анализите и студиите за причините за развод на бракот претставуваат мултидисциплинарен предизвик, кој што е толку широк што е невозможно да се исцрпи целосно со анализирање на одреден број на сегменти на бракот и семејството.
Македонското семејно законодавство начелно добро ги уредува брачните и родителските права и обврски, но се потребни одредени реформи за да се надминат проблемите што се јавуваат во практиката. Понатаму нашево законодавство треба да се усогласи со генералните тенденции на другите современи европски законодавства, како и со меѓународните документи.

## БИБЛИОГРАФИЈА

**Литература – домашна и странска:**

[1] Amato, P. R., Explainig the Intergenerational Transmission of Divorce, Journal od Marriage and the Family, No.58, August 1996
[2] Bashkim Selmani, Bekim Rexhepi, E drejta familjare dhe trashegimore romake (Римско семејно и наследно право) (ndikimi i saj në shoqërinë shqiptare), 2014
[3] Hamdi Podvorica. *E drejta familjare* (Семејно право). Pristina (Приштина): ROMINOR, 2005
[4] Marriage and Divorce:Changes and their Driving Forces, Betsey Stevenson, *Wharton School, University of Pennsylvania*, Justin Wolfers *Wharton School, University of Pennsylvania, CEPR, NBER and IZA,* Discussion Paper No. 2602, February 2007,
[5] Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов. *Предлог за измени и дополнување на Законот за семејството*. Скопје, Октомври, 2014
[6] Дејан Мицковиќ. *Промените во семејните и брачните односи и нивното регулирање*. НОТАРИУС, Април 2014: стр. 5-22
[7] Дејан Мицковиќ. *Семејството во Европа XVI-XXI век*. Скопје: Блесок, 2008
[8] Кирил Чавдар. *Коментар на Законот за семејството*. Скопје: „АКАДЕМИК“, 1998
[9] Љиљана Спировиќ-Трпеновска. *Семејно право*. Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“, 2008
[10] Миле Хаџивасилев, *Семејно право*, Скопје, 1990

**Закони и други прописи:**

**[11]** Устав на Република Македонија, „Службен весник на РМ“ бр. 52/1991 год.
[12] Закон за семејството на РМ, Консолидиран текст, ноември 2015 год.
[13] Стручни методолошки упатства и прирачници - Документи. Јавна установа- Завод за социјални дејности Скопје, 2007 год.
[14] Стручно-методолошки упатства и прирачници, документи. Јавна установа, Завод за социјални дејности, Скопје, 2007 год.

**Веб-страници:**

[15] www.esem.org.mk
[16] www.pravdiko.mk
[17] www.akademik.mk
[18] www.makstat.mk
[19] www.mtsp.gov.mk
[20] www.zsd.gov.mk

---

договарањето, бракот бил третиран како обичен граѓанско-правен договор, каде што преовладувал системот на вина.
[378] Република Македонија има тенденциите за подобрување на актуелните законски решенија во делот на слобода на разводот на бракот, и пронаоѓање на можноста за примена на меѓународното законодавство во областа на поедноставно и полиберално регулирање на институцијата развод на брак.